# ПРЕГЛЕД
**на планирани приходи и расходи за период 1 јануари - 31 декември 2016**
**и на Здружението на пензионери "Кисела Вода"- Скопје**

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ
**кон остварените приходи и расходи за 2016 година**
**на ЗП „Кисела Вода" - Скопје**

Извештајот е правен согласно податоците од книговодствената евиденција, извршена врз основа на одлуките донесени од страна на Извршниот одбор и Собранието на Здружението заклучно со 31 декември 2016 година.

Здружението, финансовата година ја заврши со позитивна разлика од 1.195.233,00 денари.

Со Финансискиот план за 2016 година беа предвидени приходи во износ од 5.535.270,00 денари, меѓутоа, годината е завршена со остварен приход од 5.545.150,00 денари, односно за 9.880,00 денари повеќе од планираното со индекс од 1000.18%.

Приходите се добиени врз основа на тековното работење на Здружението во 2016 год. и тоа: пренесени средства од 2015година ; приходи од членарина ; приходи од кирии и закупнини; камати по видување; приходи од камати од орочени средства.

- Приходите од кирии и закупнини во износ од 180.459,00 ден. се остварени од издадената просторија на Ортопедски завод „Славеј".

Кај расходите пак, кои беа планирани на износ од 5.535.270,00 денари, се реализирани, трошоци во износ од 4.349.91700 ден. што претставува 78.59% од планираните средства или 1.185.353,00 ден. не искористени средства во апсолутен износ.

Ниската искористеност произлегува од нереализирање на целосно планираните средства и од нераспределените средства со Планот за 2016 год.

Трошоците кај поедини ставки воглавно се реализирани во рамките на предвиденото за 2016 год. Има одредени ставки кои не се реализирани во целост, а некои пак воопшто не се реализирани. Тоа значи дека се водело сметка за балансирање на трошоците.

Кај расходите има отстапувања во позитивен и негативен износ кај следните ставки:

**К-То 400 – Потрошени материјали на износ – 86.093,00**

**К-То 401 – Потрошена електрична и топлинска енергија – 268.929,00**

**К-То 402 – Инвестиционо одржување на осн.сред. – 60.845,00**

**К-то 403 – Други услуги – 63.628,00**

**К-То 404 – Превозни транспортни услуги - 41.264.00** - се однесува на испратени писма и телефон, набавени автобуски карти за превоз на наши активисти учесници на спортските натпревари и фолклорни ревии.

**К-То 405 - Издатоци за репрезентација** – 281.451,00 од кои 263.185,00 ден. се однесува за ручек за чл. на ИО и СО ои завршна с-ка за 2015 год., за Регионални спортски исгри и натпревари и фолклорна ревија. Останатиот износ од 18.266,00 ден. се однесува за набавка на рекламен материјал, новогодишни календари и пенкала.

**К-То 408 - Наемнина за деловен простор - 124.725,00**
**К-То 409 – Други материјални расходи- 376.023,00 ден.**
**К-То 410 - Провизија за банка - 25.093,00ден.**
**К-То 411 - Затезна камата - 393,00ден.**
**К-То 412 - Премии за осигурување - 7.489,00 ден.**
**К-То 417 - Извршени услуги - 2.324.488,00 ден.**
**К-То 430 –Пренесени сред.др. субјекти -75.474,00** исплатени се на Градскиот сојуз на пензионери.
**К-То 441- Средства за опрема - 23.750,00**
**К-То 451 - Надоместоци и помоши на физички лица** – 272.959,00 исплаод кои 255.000,00 ден. во вид на помош на корисници со ниски пензии, и 14.700,00 ден. се исплатени како помош на пензионери за банско летување во Катланово, и 3.259,00 ден за посета на болни.
**К-То 470 - Даноци и придонеси** – 317.313,00 - дел т.е. 297.136,00 ден. се однесува за исплата на персонален данок од ангажирани пензионери, а износот од 20.177,00 се однесува за исплата на годишен данок на имот за 2016 год. за просториите од ЗП „Кисела Вода"Скопје.

**Распоред на расходите и приходите**:
**Вкупно приходи: 5.545.150,00**
**Вкупно расходи: 4.349.917,00**
**Остварена добивка : 1.195.233,00 денари**

Претседател на ИО на ЗП К.Вода
Васил Зимбаков